СТРУМИЦА

# Анализа на бизнис клима во Општина Струмица



Струмица, 2019

# Вовед

Општина Струмица се наоѓа на 41° 22 северна географска широчина и 22° 35' и 23° 45' источна географска должина, го зафаќа крајниот југоисточен дел од Република Северна Македонија веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници со Грција од југ и со Бугарија од исток. Регионот што всушност ја опфаќа котлината меѓу планините Беласица, Огражден и Еленица, по површината и по бројот на населението не е ниту помеѓу најмалите ниту помеѓу најголемите општини во земјата, но неговиот низински дел спаѓа во редовите на најгусто населените реони во Македонија. Според пописот на населението од 2002 година, во Струмичка Котлина со вкупна површина од 963 км$^2$ живеат околу 95.000 жители, со тоа што во нејзиниот најплоден низински дел кој зафаќа помалку од една четвртина од вкупната површина живеат над 100 жители на 1 км$^2$.



Слика 1. Местоположба на Општина Струмица




Слика 2. Населени места во Општина Струмица

Општина Струмица се наоѓа на западниот и централниот дел од Струмичкиот регион, со површина од 321,89 км$^2$. На исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, а на југозапад со Општина Валандово. Ја сочинуваат Градот Струмица и 24 населени места: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три води и Чепели, со вкупно население од 54.676 жители.

# I. Методологија

Во мај-јули 2019 година беше спроведена анкета за бизнис климата меѓу работодавците во Општина Струмица. Целта на анкетата беше обезбедување корисни и веродостојни информации во врска со ставовите на оние кои инвестираат и отвараат работни места, нивното задоволство/ незадоволство од општинските услуги како и нивно мислење за Општина Струмица како место за водење бизнис. Беа спроведени 120 теренски посети и анкетирани 111 фирми. Останатите фирми иако беа посетени не сакаа да го дадат своето мислење и да го пополнат анкетниот прашалник. На некои фирми им беше оставено и време да размислат и да разгледат што содржи овој прашалник, но повратен одговор не добивме. Анкетата вклучи податоци во врска со историјата и статусот на бизнисите, природата на трговската дејност, прашања поврзани со работна сила и вработени, информации во врска со бизнис објектите како и услуги и односи со локалната самоуправа. Сите информации се повеќе од веродостојни и секој разговор со стопанствениците помогна во градењето на една слика за работата на општината. Сите нивни проблеми и потреби беа внимателно ислушани, дискутирани и внесени во анкетните прашалници од наша страна. Збирните одговори на сите анкетирани фирми (111), се дел од овој извештај.

Со цел да се добијат искрени и целосни одговори од работодавците, на лицата кои беа анкетирани им беше кажано дека во извештајот нема да има никакви референци кон одреден бизнис, како и тоа дека анкетните ливчиња се од доверлив карактер и служат исклучиво за оваа бизнис анализа.

# II. Резултати од анкетата

### 1.Актуелна состојба на фирмите

Од анкетираните 111 компании во Општина Струмица, 53 се основани по 2000 година, додека другите фирми (58) се основани пред 2000 година. Најголемиот дел од интервјуираните фирми се во секторот лесна индустрија (39,7%). Тука најмногу е застапено производство на мебел (9%), производство на текстил (4,5%), преработка и конзервирање на овошје и зеленчук (3,6%), а меѓу останатото има и производство на леб и бели пецива, масла и масти, производство на зачини, производство на млеко и млечни производи,производство на тули итн. Следи секторот трговија (24,3%), услужниот сектор (18%), градежништво (9%) и угостителство (9%). Сопственоста на овие фирми е поделена на физички лица (89,2%), правни лица (3,6%), физички и правни лица (5,4%), акционерско друштво (0,9%) и здружение на граѓани (0,9%).

**2.Клиенти/потрошувачи**

Фирмите дадоа информации за процентот на нивната продажба/услуга која се однесува на потрошувачи по области. Најголем процент од продажбата/услугите на фирмите се одвива во рамките на Општина Струмица, потоа следува во рамките на Република Северна Македонија. 30% од фирмите се извозно ориентирани па покрај пласманот во нашата држава тие ги пласираат своите производи во Централна и Источна Европа а помал дел и во светот.

**3.Прашања кои се однесуваат на вработувања и работна сила**

Вкупно беа посетени 111 фирми кои се значајни за економскиот развој на нашата општина. Според бројот на вработени тие се поделени во микро, мали, средни и големи претпријатија. Микро претпријатија со број на вработени <10 од анкетираните 111 има 26, мали прeпријатија со број на вработени <50 има 60, средни претпријатија со број на вработени <250 има 22 и големи претпријатија со број на вработени >250 има 3.




Вкупниот број на вработени со полно работно време во анкетираните фирми е 8733 лица од кои 42% се жени а 58% се мажи. Работодавците се жалат дека имат недостиг на млад, квалификуван кадар, општи работници и дека младите не сакат да работат за платата кои тие ја нудат и најчесто се иселуваат во странство. Тие се прилично задоволни со квалитетот на нивната работна сила. Севкупно, 35% од вработените се со оценка одличен, 33% се со оценка добри, како просечни се оценети 28% од вработените, за жал има и работници кои се со ниски квалификации (ниски знаења и вештини) –околу 4% од вкупниот број на вработени.







Просечната месечна плата исплатена во анкетираните фирми на територија на Општина Струмица е 17 021 денари.Фирмите кои што ни дадоа одговор имаат недостиг од одредени вештини и професии кои се значајни за идниот развој на компанијата. Најмногу се споменува дека недостасуваат општи работници, бравари, келнери, електроинженери,текстилни работници а поретко и металостругари, монтажери и графички дизајнери.

**4.Инвестиции и инвестициски планови**

Што се однесува до ова прашање, ситуацијата во оваа зона е прилично позитивна. 81% од фирмите ја поседуваат, додека 19% ја изнајмуваат локацијата. 80% од фирмите наведуваат дека поседуваат доволно имот за проширување доколку е потребно, а 20% велат дека немат доволно место на истата локација и доколку одлучат да се прошират планираат тоа да биде на друго место.

Исто така фирмите беа прашани кои за нив се најбитни фактори доколку Република Северна Македонија пристапи во ЕУ. Беа понудени повеќе позитивни и негативни фактори.

**Најбитните позитивни фактори за фирмите се:**

- Стабилна бизнис клима;
- Пристап на поголем пазар без царини или други пречки;
- Учество во ЕУ програмите.

**Меѓу негативни фактори спомнати од фирмите спаѓаат:**

- Повисоки трошоци за работна сила;
- Силна конкурентност;
- Инвестиции за прилагодување кон новите услови.

## 5.Услуги и односи со локалната самоуправа

Фирмите беа прашани за нивното мислење за локалната самоуправа. Тие главно се задоволни од работата на општината, меѓутоа имаат некои главни проблеми кои им прават застој во работата и оневозможуваат нивно проширување и развој.

**5.1.**Најглавен проблем за фирмите се патиштата. Во индустриската зона Север некои улици ги асфалтирале од сопствен буџет, а додека останатите улици не се приспособени за минување на автомобили и тешки товарни возила кои тие ги користат секојдневно. Проблемот е посебно изразен во зимските услови или кога врне дожд. Тие многупати ги искажале своите ставови и барања, поднесувале петиција но досега немаат добиено повратен потврден одговор. Исто така фирмите се пожалија на лошите услови на патот Струмица-Куклиш-Свидовица а особено кога овој пат се користи за пренос на стоки со тешки товарни возила. Со проблем се соочуваат и стопанствениците кои се наоѓаат во ,,малото стопанство” (УРБАН БЛОК 15, 16, 18 И УРБАН БЛОК 8).

**5.2.** Некои фирми се пожалија на административните процедури на некои одделенија на општината, а посебно на Одделението за Урбанизам, каде и по неколку месеци чекале за добивање на потребните документи. Исто така сакаат навремено известување за слободните парцели кои ги има во општината и кои се спремни или ќе се спремаат за продажба.

**5.3.** На неколку места во околу градот и населените места поради несовесност на граѓаните се појавени диви депонии кои и покрај напорите на ЈПКД „Комуналец“ за нивно отстранување повторно се појавуваат и лошо влијаат на целокупната слика за општината а со тоа и за фирмите во истата. Стопанствениците апелираат до надлежните да се преземаат некои поригорозни мерки за да може да се реши овој проблем. Исто така во областа на животната средина стопанствениците се пожалија на користењето на различен огревен материјал кој допринесува за висока стапка на загадување во нашата општина.

**5.4**. Некои делови од градот и населените места сеуште имаат проблем со канализацијата, посебно со атмосферската канализација.

**5.5**. Голем проблем во нашата општина се кучињата скитници. Кучињата се оставаат најмногу надвор од градот, во зоните и околу стопанските

субјекти, па поради тоа вработените се соочуваат со страв при нивното доаѓање на работното место.

Тие исто така беа прашани кои услуги локалната самоуправа би требало да ги обезбеди на бизнис секторот. Еве ги услугите кои беа понудени и нивните одговори во графиконот подолу.




Графиконот покажува дека фирмите се заинтересирани за секакви услуги кои општината би им ги понудила, било тоа заеми, промоции , помош за тендери, учество во спроведување на плановите за развој, а најмногу се надеваат дека би можело да се одржуваат некакви едукациски курсеви и обуки за вработени или невработени со кои тие би се обучиле во областа која сакаат да ја работат.

Фирмите го оценуваа и квалитетот на општинските услуги. Собирањето отпад доби најдобра оценка. Добра и просечна оценка има: посредување при издавање дозволи и одобренија за градба, посредување при издавање на дозволи и други прописи за стопанисување, подршка на мали и средни

претпријатија и развој на инфраструктура. Незадоволителна оценка најмногу е дадено на одржување на патишта и заштита на животната средина. Останатите одговори се без коментар.




## 6.Општи впечатоци

Од фирмите беше побарано да ги споделат нивните општи впечатоци во врска со локалната самоуправа. Според анкетата 24% од фирмите кои се анкетирани (111) дадоа одлична оценка, 41% добра оценка, 25% просечна оценка, 6% незадоволителна и 4% се без коментар.

Фирмите беа исто така запрашани за нивните општи впечатоци за општината како место за водење бизнис. 35% од одговорите беа со оценка одличен, 51% со оценка добро, просечна оценка дадоа 10% и по 2% незадоволителни и без коментар.




Примерите кои се наведуваат од страна на фирмите како позитивни фактори за бизнис климата во Општина Струмица се следните:

- ✓ Географската положба на нашата општина, блискоста со некои соседни земји
- ✓ Локални потрошувачи
- ✓ Развиеност на општината
- ✓ Земјоделско подрачје

Работодавците велат дека Општина Струмица сеуште важи за една од поразвиените општини, со куповно-способно население, земјоделски богат регион и град кој се наоѓа во близина на две соседни држави и е често посетуван од странски државјани.

Постојат и неколку негативни фактори кои се идентификувани во нашата општина, а кои претежно се однесуваат на техничката инфраструктура, бизнис климата и општата економска состојба. Фирмите очекуваат локалната самоуправа да усвои проактивен пристап во креирањето на подобра бизнис клима во градот и подобро справување со:

- ✓ Нечесна конкуренција
- ✓ Сива економија
- ✓ Недоволно едуцирано население

Како најголем проблем во нашата општина мора да се истакне масовното иселување на младата и квалификувана работна сила. Во 99% од анкетираните фирми овој проблем е пречка за нивното функционирање. Во секоја фирма се бара работник плус од општи работници па се до програмери, електроинженери. Работодавците се жалат дека и покрај тоа што неколку месеци  го обучуваат работникот, тој заминува без претходно најавување и од таа страна тие никако не се заштитени.

## III.Резиме

Оваа анкета за бизнис климата е од огромно значење за нашата општина, ги одразува мислењата на работодавците во Општина Струмица. Нивниот колективен став, нивните побарувања и потреби треба да се стават како приоритетни, сметајќи дека тоа ќе има влијание врз целата бизнис клима и врз целокупниот развој на Општина Струмица. Сите работодавци се согласни дека заедно со општината и подобри општински услуги може нашата општина да стане подобро место за водење бизнис, привлекување странски инвестиции а најважно од се задржување на младата популација во нашиот град. Работодавците исто така сакаат повеќе внимание од страна на општината, почести средби и информирање за плановите на општината од областа на економскиот развој.